# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ · НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
12 - 18 Февруари 2018 година Број: 294

# ПРЕГЛЕДИ И ПЛИВАЊЕ ЗА ‘РБЕТНИ ДЕФОРМИТЕТИ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

Во Општина Карпош започнуваат бесплатни прегледи за рано откривање на деформитети на ‘рбетниот столб кај учениците од шесто до деветто одделение. Станува збор за проект во соработка со ЈЗУ Институт за физикална медицина и рехабилитација.

Во основното училиште “Лазо Трповски” се реализираа првите прегледи, при што беа опфатени 60 ученици од оваа образовна установа.

Учениците кај кои ќе бидат утврдени деформитети, ќе имаат шанса за бесплатни часови по пливање во базенот на Институтот за физикална медицина и рехабилитација.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, посочи дека квалитетната и сеопфатна детска заштита е приоритет на локалната самоуправа.

- Во период кога најмладите постојано се пред својот компјутер, мобилен или телевизор овие прегледи ќе овозможат превенција на учениците, но и третирање на евентуалните деформитети преку часови по пливање под надзор на стручни лица, рече Богоев.

Претставникот од ЈЗУ Институтот за физикална медицина и рехабилитација д-р ја Манолева говореше подетално за овој проект и начинот на негова реализација. Поточно, како што нагласи д-р Манолева, прегледите ќе се спроведуваат под надзор на доктор – физијатар, а පограмата за вежби во базен опфаќа три пати во неделата (по еден час) пливање.

Општината и во претстојниот период ќе продолжи да работи на зголемена детска заштита и овозможување на подобри услови за престој и учење во градинките и во училиштата.

Инаку, во Карпош веќе се спроведуваат бесплатни очни прегледи за сите ученици, во соработка со Lions District 132 Македонија.



# ЕКО - АКЦИЈА ЗА ЧИСТ И ЗЕЛЕН КАРПОШ

Оваа недела, во Општина Карпош се спроведува голема еколошка акција за чистење на зеленилото и на јавните површини меѓу зградите, т.н блоковско зеленило. Комуналните служби на Општината, во соработка со ЈП „Паркови и зеленило" во наредните денови интензивно ќе бидат присутни на терен со цел што поефикасно да се отстрани отпадот низ населбите на локалната самоуправа. На вториот ден од оваа целонеделна еко – акција во Карпош, присуствуваа Градоначалникот на Општината Стефан Богоев, претседателката на Советот на Град Скопје Љубица Јанчева и директорот на ЈП „Паркови и зеленило Ардијан Муча.

Градоначалникот на Карпош Стефан Богоев посочи дека оваа акција е само вовед, односно најава за почеток на т.н. „зеленатa офанзива" која ќе се случи веќе на пролет.

- Целта е темелно да го исчистиме Карпош и да се подготвиме за вистинско раззеленување на Општината на пролет. Тоа значи оплеменување на неуредените зелени површини меѓу зградите, засадување нови садници и цвеќиња, како и поставување на урбана опрема која ќе овозможи поголема атрактивност и удобност за сите граѓани. За таа цел и комуналните служби на Општина Карпош работат со уште поголем интензитет за тековно одржување на хигиената и чистотата во Општината, рече Богоев.

На денешната еко акција во Карпош 4, се обрати и претседателката на Советот на Град Скопје, Љубица Јанчева. Таа напомена дека Град Скопје со своите комунални служби посветено работи на зголемување на јавното зеленило. Освен тоа, земајќи предвид дека една од причините за загадување на воздухот е отпадот низ парковите и улиците, нашата цел е чистењето на градот да се практикува во континуитет, што би резултирало со тоа парковите и улиците во градот Скопје да бидат постојано чисти, нагласи Јанчева.

Акцијата во Карпош е продолжение на големата акција за чистење на Градот и враќање на изгубеното зеленило, а на подрачјето на оваа локална самоуправа ќе трае до крајот на неделата.



# СОРАБОТКА НА КАРПОШ СО ФЛЕРИ – СУР – ОРН ВО „КРЕАТИВНИ ВОДИ“



Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев имаше работна средба со претставнички од Европската Асоцијација за Локална Демократија – АЛДА Скопје, која е координатор на проектот за соработка помеѓу францускиот регион Нормандија и Република Македонија.

На средбата се разговараше за продолжување, но и продлабочување на соработката меѓу Општина Карпош и општината Флери – сур – Орн од Нормандија.

Во изминатиот период беа реализирани повеќе размени меѓу овие општини, а соработката е заснована на повеќе полиња: млади, граѓанско учество, уметност, културно наследство и занаетчиство.

Богоев потенцираше дека меѓународната соработка е важна за Општина Карпош, но, потребни се нови, креативни идеи и начини преку кои истата ќе се реализира на поиновативен и потемелен начин.

- Сакаме соработка која ќе биде во вистински интерес на граѓаните. Ние би сакале, а и ќе работиме на тоа, преку нашето партнерство да се реализираат и конкретни проекти кои би биле видливи и корисни за карпошани, рече Богоев.

На состанокот стана збор и за евентуална соработка меѓу општините во сферата на заштита на животната средина и ракување со отпад. Франција е една од земјите – лидери во поглед на селектирање на отпадот и негово „паметно“ искористување и преработка.

Градоначалникот на Карпош нагласи дека во овие меѓународни (меѓуопштински) соработки потребен е поголем ангажман и инволвираност на двете страни, при што пожелно е да се оствари трансфер на знаење и искуства како меѓу учениците од основните училишта, така и меѓу наставниот кадар. На тој начин ќе се преземат успешните практики од образованието и социјалната заштита од Нормандија, која е еден од 18-те региони во Франција, и ќе се имплементираат кај нас.

Претставничките од АЛДА Скопје изразија задоволство од позитивниот пристап на Општината и од заложбата за продлабочување на соработката со Флери – сур – Орн.

## ВНИМАНИЕ И ДРУЖБА СО КАРПОШАНИ



По повод празникот Св.Трифун и Денот на љубовта кој се празнува на меѓународно ниво, Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев се дружеше со дел од повозрасните и социјално загрозени лица од Општината.

Примарната цел е да се покаже почит и разбирање кон овие наши сограѓани, не само денеска туку во текот на целата година преку низа проекти и активности.

Градоначалникот Богоев ги поздрави присутните карпошани и им ги честиташе двата празника. Тој одговараше и на дел од нивните прашања кои се однесуваа на секојдневието, работата на локалната самоуправа и новите проекти.

## НОВА ОГРАДА КАЈ АМБУЛАНТАТА ВО КОЗЛЕ





На барање на граѓаните од урбаната заедница „Пецо Божиновски Кочо", а првенствено на учениците поставени се гелендери со ограда долж каналот за одвод на атмосферски води кај амбулантата во Козле. Таму ќе бидат поставени и корпи за отпадоци и два ракофати за скалите.

## „МАЈСКИ ЦВЕТ" ВО ТАФТАЛИЦЕ 2 ЌЕ ДОБИЕ ЦЕЛОСНО НОВ ОБЈЕКТ



Еден од основните приоритети на локалната самоуправа е да се создадат што подобри услови во градинките. Во таа насока, во Тафталиџе 2, Општина Карпош, започна реконструкцијата на дел од објектот на градинката "Мајски Цвет", со којашто, после неколку децении, старата градба од монтажен карактер се заменува со цврста градба, според современи стандарди за престој на најмладите жители на овој дел од општината.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев посочи дека на овој начин се зголемува капацитетот на градинката и ќе се овозможат подобри и побезбедни услови за престој, едукација и работа на децата и воспитниот кадар.

- Ова е инвестиција во вредност од 10.614.271 денари, која целосно ќе биде финансирана од буџетот на Општината. Со новоизградениот објект ќе се добијат четири нови занимални за дечињата и 150 m2 дополнителен простор, во споредба со претходната монтажна градба, рече Богоев.

Изведувач на проектот е фирмата ДГПППУ: "Инженеринг Гроуп", а рокот на изведба е 120 дена.



Квалитетната и сеопфатна детска заштита подразбира континуирано подобрување на условите во градинките и грижа за најмладите, заради што, како што нагласи Богоев, истовремено се гради нова градинка и во Бардовци, до училиштето "Аврам Писевски", а за оваа година се предвидува и целосна реконструкција на градинката "Мајски цвет" во Тафталиџе 1, која исто така е во лоша состојба.

Во изминатиот период, Општината ги замени и старите и дотраени играчки во градинките, со нови, изработени од еко – материјали. Исто така, со цел децата да се заштитат од загадениот воздух, локалната самоуправа во соработка со општествено одговорните компании донира прочистувачи за воздух за сите градинки.